| | |
|---|---|
| **From:** | contact <contact@avmu.mk> |
| **Sent:** | Wednesday, July 23, 2025 10:13 AM |
| **To:** | zaposta@avmu.mk |
| **Subject:** | [Fwd: Загриженост во врска со отстапувањето од професионалните стандарди во известувањето на телевизијата Алсат] |
| **Attachments:** | 1ae38e23-dab7-406c-a4af-d7354eb89235.jpeg; 4fa404b4-505c-4e75-a489-5c840d3eff0d.jpeg |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 24.07.2025 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| УПП 03 | 17 | | |

Почитувани претставници на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Здружението на новинари на Македонија,

Преку овој допис ја изразуваме нашата длабока загриженост за континуираното однесување на телевизијата Алсат, која подолг временски период отстапува од професионалните стандарди на непристрасно и објективно новинарство, преземајќи отворено пропагандна улога во поддршка на одредени политички субјекти.

Најновиот пример, емитуван вчера, вклучуваше манипулативен монтажен пристап и дискредитирачки јазик во две прилози насочени кон кандидатите за градоначалници од нашата политичка партија. Ова не претставува изолиран случај, туку е дел од веќе институционализирана практика во уредувачката политика на овој медиум. Алсат повеќе не функционира како информативен медиум, туку како медиумско продолжение на кампањата на одредена политичка коалиција.

Ова отстапување не е непознато за релевантните институции.

Во Финалниот извештај на ОБСЕ/ОДИХР за парламентарните избори во 2020 година, телевизијата Алсат јасно е посочена како медиум кој не ги испочитувал стандардите за рамнотежа и објективност во изборниот процес, а е забележано и водење на негативна кампања против нашата партија. Дополнително, и самата АВМУ има потврдено слични прекршувања и има изречено санкции за Алсат. Во прилог на ова писмо, доставуваме и делови од официјалните документи на овие институции кои го поткрепуваат нашето тврдење.

Со оглед на воспоставениот шаблон, актуелните прекршувања не се инцидентни, туку дел од повторувана и загрижувачка пракса на користење медиумска платформа за политички цели.

Го повикуваме:

- Здружението на новинари на Македонија (ЗНМ), и
- Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ),

да ги следат овие алармантни појави и да преземат соодветни мерки со цел враќање на професионалните и етички стандарди во медиумскиот простор.

Во функционална демократија, медиумите не смеат и не треба да бидат инструмент на ниедна политичка партија. Кога еден телевизиски канал дејствува пристрасно и во служба на власта, сериозно се нарушуваат јавната доверба, еднаквоста во изборната трка и интегритетот на демократските процеси.

Со почит,
Демократска унија за интеграција

Во прилог Ви праќаме и фотографии од извештајот.

--
This message has been scanned for viruses and dangerous content by **MailScanner**, and is believed to be clean.

Automatically forwarded by: contact@avmu.mk
------------- original message --------------
Subject: Загриженост во врска со отстапувањето од професионалните стандарди во известувањето на телевизијата Алсат
From:
Date: Wed, 23 Jul 2025 10:11:25 +0200
To:
Cc: